МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT

# ОГЛАС

Датум на објава: 22.06.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма, а во рамките на проектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница", објавува оглас за избор на **4 локални истражувачи/чки** за спроведување на online и телефонско истражување во Североисточниот и Полошкиот плански регион.

Истражувањето ќе се фокусира на економските предизвици со кои што се соочуваат жените земјоделки - информираност, мерки за финансиска поддршка со акцент на мерката 115, нивни видувања, предизвици, но во исто време и главни проблеми или потреби кои што им произлегле од кризата во делот на нивното економско делување. Предвидено е да испитаат ставовите и размислувањата на вкупно 300 жени од двата плански региони и од сите видови на производство, а најголемиот дел од нив да бидат носителки на семејното земјоделско стопанство. Истражувањето ќе се спроведува телефонски или по e-mail во најголем дел користејќи ја дата базата на податоци на двете партнер организации. Резултатите од истражувањето ќе бидат основата за сите понатамошни активности предвидени во рамките на проектот.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

1.1. Мапирани економските предизвици со кои што се соочуваат жените во руралните средини вклучувајќи ги и последиците предизвикани од кризата со Корона вирусот

**Квалификации на истражувачите**:

- Минимум завршено средно образование со што се овозможува еднаков пристап и можност за аплицирање и на жителите на руралните средини. Универзитетското образование ќе се смета за предност;
- Треба да поседуваат одлично развиени комуникациски, интерперсонални и фасилитаторски вештини;
- Способност за работа во мултиетнички средини;
- Искуство во работењето со граѓански сектор, спроведување на истражувања, работа со земјоделци и во руралните средини, како и основни познавања на политиките во земјоделството и руралниот развој ќе се смета за предност

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) најдоцна до **30 јуни 2020 година во електронска форма до 12:00 часот** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница" е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капцитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**